СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ
И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 05-62/1
15.02 2019 год.

СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Упатство за начинот на спроведување на јавните набавки во Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија

Скопје,
Февруари 2019

Врз основа на член 6 од Правилникот за начинот на спроведување на општите финансиски процеси (Финансиските обврски треба да се преземаат само врз основа на Упатство изготвено од Раководителот на одделението за финансиско – сметководствени работи и соработка, кое го одобрува Претседателот на Советот).

Цел на процес:

Навремено и точно спроведување на постапка за јавни набавки во Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија.

- **Тек на работа**

1. Планирање и утврдување на потребата од јавна набавка

Планирањето на процесот на Јавни Набавки во Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија започнува со донесување:
- Годишен финансиски план, и
- Годишен План за јавни набавки.

Пред да се донесе Планот за јавни набавки, согледувањата и анализата за потребите за јавни набавки за тековната година се вршат од страна на Раководителите на одделенијата и лицето кое поседува сертификат од БЈН за работа со јавни набавки.

Се зема предвид и реализацијата на јавните набавки од претходната година и обезбедените средства во Буџетот согласно со Годишниот финансиски план за тековната година, со цел оптимално да се испланира бројот на набавки по видови и потребни количини.

Годишниот план за јавни набавки, во законски утврдените рокови се донесува од страна на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија.

Годишниот план за јавни набавки содржи 6 колони и тоа:
- Реден број
- Предмет на договорот за ј.набавка/рамковна спогодба
- Шифра според ОПЈН
- Очекуван почеток на постапката (месец)
- Проценета вредност на договорот/Рамковната спогодба без ДДВ (денари)
- Видот на постапката
- Забелешки

3. Доделување на договор за јавна набавка

Комисијата за Јавни Набавки ги евалуира (разгледува, оценува и споредува понудите) во согласност со условите наведени во огласот и тендерската документација. Подршка во работата на КЈН дава лицето кое има сертификат од БЈН за работа со јавни набавки.

Членовите на Комисијата за Јавни Набавки и нивните заменици и одговорното лице потпишуваат изјави за непостоење судир на интереси и истите се составен дел на досието од спроведената постапка.

По првичната евалуација на понудите, преку ЕСЈН се поканууваат понудувачите кои имаат прифатливи понуди за учество во Е-аукција. По завршување на е-аукцијата согласно резултатите од негативното наддавање, Комисијата за Јавни Набавки изготвува Писмен извештај кој го содржи и предлогот за избор на најповолен понудувач. Извештајот се доставува до претседателот на Советот, кој ја донесува конечната одлука за избор на најповолна понуда, согласно предлогот на Комисијата за Јавни Набавки.

При изборот на најповолен понудувач, од страна на Комисијата за Јавни Набавки се почитуваат критериумите за избор назначени во објавата и тендерската документација.

По извршениот избор на најповолната понуда, во писмена форма се известуваат сите елиминирани понудувачи-кандидати за носителот на избраната најповолна понуда и кандидатот избран за носител на набавката.

Во рок од 12 дена од денот на истекот на периодот на мирување, се потпишува договор кој содржи 4 еднообразни примероци, кои по потпишувањето од двете страни кај Договорниот орган (Добавувач) останууваат 2 (два) примероци од Договорот, а кај Носителот на набавката (Економски оператор) 2 (два) примероци.

Од страна на набавувачот договорот го потпишува претседателот на Советот, а од страна на носителот на набавката овластен потписник.

Неизбраните понудувачи имаат право на увид во Извештајот за избор на најповолна понуда. За постапките се води досие кое ја содржи целокупната документација од спроведената постапка. Два пати во годината во законски утврдените рокови, до Бирото за јавни набавки се доставува Евиденција за постапките со прибирање понуди.

4. Со донесување на ова Упатство престанува да важи Упатството со бр. 01-660/1 од 05.10.2016 година.

Претседател на Советот,
Премтим Исени